Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Теарце - Komuna e Tearcës
Бр.-Nr. 09-7346
16:04 2025 год./viti
Теарце - Tearcë

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ТЕАРЦЕ

Врз основа на член 95 став (1) и член 122 став (4) од Законот за животна средина („Службен весник на Р. М“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22),Градоначалникот на Општина Теарце:

ОБЈАВУВА
Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола

Согласно член 124 став (1) од Законот за животна средина („Службен весник на Р. М“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22),до Градоначалникот на Општина Теарце доставено барање за добивање на Б-интегрирана дозвола бр.01-858/1.

Поднесител на барањето:
Друштво за производство,трговија и услуги РЕНОВА ДОО с.Џепчиште Тетово

Адреса: ул.101 бр.2 с.Џепчиште-Тетово

Локација на инсталацијата: с.Непроштено Теарце

Категорија на инсталацијата:
Прилог 2,точка 3.Индустрија на минерали, подточка 3.2 Инсталација за ископ,дробење, мелење,сеење,загревање на минерални суровини

Целокупната документација содржана во барањето, предлог-програмата за подобрување и активностите кои ќе бидат спроведени од страна на оваа инсталација за заштита на животната средина ќе биде достапна за заинтересираната јавност на просторите на Општина Теарце секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот и на веб страната на Општина Теарце www.tearce.gov.mk

Сите засегнати правни и физички лица во рок од 30 дена од денот на објавувањето на барањето имаат право да достават мислења и коментари во писмена форма до Општина Теарце, ул.102 бр.139 Теарце.

Лице за контакт:Артан Џемаили
тел: 070 827 802
email: **artan.muaremi@tearce.gov.mk**

Градоначалник на Општина Теарце
Нухи Незири

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Теарце - Komuna e Tearcës
Теарце
Tearcë

БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ РЕНОВА ДОО ЕКСПОРТ-ИМПОРТ С. ЏЕПЧИШТЕ, ТЕТОВО

Управител / Основач / Сопственик:
ШЕФКИ ИДРИЗИ

_____
М. П.

С О Д Р Ж И Н А

	ВОВЕД	3
I.	ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ	4
II.	ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ	6
III.	УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА	7
IV.	СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА	8
V.	ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД	10
VI.	ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА	11
VII.	ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА	14
VIII.	ЕМИСИИ ВО ПОЧВА	16
IX.	ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ	17
X.	БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ	18
XI.	ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ	20
XII.	ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ	31
XIII.	СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ	35
XIV.	РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ	40
XV.	РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ	41
XVI.	ИЗЈАВА	46
	ПРИЛОЗИ:	
	ПРИЛОГ I: ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ	47
	ПРИЛОГ II: ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ	65
	ПРИЛОГ III: УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА	78
	ПРИЛОГ IV: СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА	88
	ПРИЛОГ V: ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД	116
	ПРИЛОГ VI: ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА	124
	ПРИЛОГ X: БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ	151
	ПРИЛОГ XIII: СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ	165

ВОВЕД

Управувањето со инсталацијата е насочено кон остварување на стратешките цели на компанијата од аспект на постојана усогласеност на деловната активност, оптимизација на искористеноста на капацитетите, ефикасна употреба на суровини, управување со развојот и модернизација на производството на индустриски гасови, како и грижа за максимално обезбедување на заштитата при работа и заштитата на животната средина.

Инсталацијата поседува Б Дозвола за усогласување со оперативен план (Б-ДУОП) со бр. 11-3864/3 од 31.03.2014 год. Согласно член 126 од *Законот за животна средина (Службен Весник на РМ бр. 53/05; 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 97/17, 99/18, „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 89/22 и 171/22)*, Операторот на инсталацијата го поднесува ова Барање за добивање на Б-интегрираната еколошка дозвола (Б-ИЕД). За подготовка на ова Барање, Операторот ја ангажира фирмата-консултант ТЕХНОЛАБ ДОО Скопје која ја изработи оваа апликација.

Начинот и формата на презентирање на податоците и потребните информации за инсталацијата, во оваа апликација е направен согласно Правилникот за постапката за добивање Б - интегрирана еколошка дозвола, ПРИЛОГ 1, Барање за добивање Б - интегрирана еколошка дозвола (Службен весник на РМ бр. 4/06), како и согласно насоките дадени во Упатството за подготовка на образецот за Б - интегрирана еколошка дозвола, подготвено од Министерството за животна средина и просторно планирање.

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Име на компанијата [1]	ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ РЕНОВА ДОО ЕКСПОРТ-ИМПОРТ С. ЏЕПЧИШТЕ, ТЕТОВО
Правен статус	ДОО
Сопственост на компанијата	Приватна
Сопственост на земјиштето	Приватно
Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата)	ул. 101, бр. 2, с. Џепчиште, 1.212 Џепчиште, Република Северна Македонија
Број на вработени	76
Овластен претставник	Шефки Идризи
Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето [2]	Прилог 2, Точка 3. Индустрија на минерали. *Подточка 3.2. Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини.*
Проектиран капацитет	40.000 t/год.

I.1. Вид на барањето [3]

Обележете го соодветниот дел

Нова инсталација	
Постоечка инсталација	✓
Значителна измена на постоечка инсталација	
Престанок со работа	

I.2. Орган надлежен за издавање на Б - Интегрирана еколошка дозвола

Име на единицата на локална самоуправа	• Општина Теарце ➢ Одделение за урбанизам, сообраќај, општински дејности и заштита на животната средина
Адреса	ул. 102, бр. 139, с. Теарце, Република Северна Македонија
Телефон	+389 44 381 336

[1] Како што е регистрирано во судот, важечка на денот на апликацијата
[2] Да се внесеат шифрите на активностите во инсталацијата според Анекс 1 од ИСКЗ уредбата (Сл. Весник 89/05 од 21 Октомври 2005). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ, треба да се означи шифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно оделени една од друга.
[3] Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажба на инсталацијата

ОДГОВОР

Копија од Записник за извршен инспекциски надзор од Државен инспекторат за животна средина, бр. 16-xviii-110/2 од 14.08.2023 год. е приложена **ПРИЛОГ I.1** стр. 48-50.

Копија од регистрацијата на Инсталацијата во Централниот Регистар на Република Македонија бр. 0805-50/150020240092985 од 12.03.2024 год., Имотни Листови бр. 1006, 608 и 219 од 07.11.2023 год., се дадени во **ПРИЛОГ I.2 и ПРИЛОГ I.3** стр. 51-61.

Инсталацијата ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ РЕНОВА ДОО ЕКСПОРТ-ИМПОРТ С. ЏЕПЧИШТЕ, ТЕТОВО (во понатамошниот текст - РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ) е изградена на парцелите КП 1710, 1714 и 1719, КО Непроштено и е со површина од околу 20.866 m^2. Инсталацијата се наоѓа на следните географски координати: N: 42,043325° и E: 21,011276° *(координати според Гаус-Кригерова проекција: Y: 873511,88˚ и X: 4665841,8˚)*.

Во **ПРИЛОГ I.4,** стр. 62-64 дадени се местоположбата и границите на локацијата на Инсталацијата.

II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Опишете ја постројката, методите, процесите, помошните процеси, системите за намалувањето и третман на загадувањето и искористување на отпадот, постапките за работа на постројката, вклучувајќи и копии од планови, цртежи или мапи, (теренски планови и мапи на локацијата, дијаграми на постапките за работа).

ОДГОВОР

II.1. Опис на технолошкиот процес

РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ е лоцирана на североисточниот дел од градот Тетово, односно во Тетовското село Џепчиште, во Индустриска зона, на адреса: ул. 101, бр. 2, с. Џепчиште, 1.212 Џепчиште, Република Северна Македонија.

Од центарот на градот Тетово, инсталацијата на РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ е оддалечена 4,8 km.

Во непосредна близина на Инсталацијата се наоѓаат:

- Југ - продажен салон за керамика Збукурими;
- Исток - Џеки компани бекатон плочки;
- Запад - необработливи земјоделски површини;
- Север - фабрика за олуци Алиу.

Од аспект на географската локација, ако ги земеме предвид: поврзаноста со останатата инфраструктура - патнатата комуникација, како и некои други карактеристики, локацијата има солидна локација.

Во **ПРИЛОГ II**, стр. 65-77 се дадени информации за техничките карактеристики на главните и помошните објекти и процеси, технологии и технолошки шеми за производство, информации за сите аспекти на специјалните операции што можат да предизвикаат емисии во животната средина при нормални услови, како како и во случај на дефект или прекин на работата итн.

III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Приложете организациони шеми и други релевантни податоци. Особено да се наведе лицето одговорно за прашањата од животната средина.

ОДГОВОР

Во РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ вработени се 76 работници.

Во **ПРИЛОГ III,** стр. 78-80 дадена е организационата структура на управување со Инсталацијата, со посебен осврт кон управувањето со животната средина.

Со инсталациите и опремата во РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ непосредно управуваат извршителите кои обезбедуваат 24 часовен надзор на работата на постројките во инсталацијата. Тие се организирани во смени.

За секое стартување на процесот се известува директорот и секоторот за контрола на квалитет. Исто така, за секој поголем дефект, се консултира со директорот и се известува секторот за контрола на квалитет.

Во случај на дефект на опремата веднаш се известува директорот и секторот за контрола на квалитет, кој соодветно повикува надворешни лица заради остранување на дефектот.

Раководниот тим во однос на животната средина посветува големо внимание со што влијанието врз животната средина е сведено на минимум.

Во целокупниот технолошки процес се применуваат стандарди со цел унапредување на квалитетот на производите.

Целата одговорност во поглед на примената на унапредувањето на животната средина ја има Директорот кој понатаму ја насочува кон одговорниот тим, односно секторот за контрола на квалитет.

Должности на одговорното лице се:

- мониторинг на целата опрема за намалување на загадувањето,
- тековно процена на еколошките перфоманси на инсталацијата,
- мониторинг на воспоставените процедури за управување со животната средина.

*Лице одговорно за прашањата од животната средина во РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ е **ЛЕНЧЕ РИСТОВСКА**.*

IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

Приложете листа на суровините и горивата кои се користат, како производите и меѓу производите.

Пополнете ја следната табела (додадете дополнителни редови по потреба) - Табела IV.1-1

ОДГОВОР

Главни суровини во производниот процес се гипсот, варта, адитивите, сивиот гранулат, наменети за производство на градежни материјали.

Секундарни суровини во производниот процес се амбалажните вреќи, картонската амбалажа, нафтата, водата и електричната енергија.

Во фабриката за производство на градежни материјали на РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ, постои котлара, сместена во подрумот од административниот објект, во која е инсталиран еден котел. Кај котелот главна суровина е течното гориво - нафтата.

Листата на суровини и помошни материјали, супстанции, препарати, горива и енергии употребени и произведени во Инсталацијата е дадена во Табела IV.1-1.

Табела бр. IV-1: Суровини, помошни материјали и супстанции, горива и енергии употребени во 2023 година и моментално складирани количини

Реф. Бр.	Материјал / Супстанција[4]	CAS [5] Број	Категорија на опасност [6]	Моментално складирана количина (тони)	Годишна употреба (тони/m^3)	Единица	R и S фрази [7]
1.	Гипс	10101-41-4	/	0	566	тони	R 36,37,38 / S 3, 24, 25, 26, 37,38, 39
2.	Креда и Калцит	72608-12-9	/	51	1.478	тони	R 36,37,38 / S 3, 24, 25, 26, 37,38, 39
3.	Адитиви	/	/	25	65	тони	R 36,37,38 / S 3, 24, 25, 26, 37,38, 39
4.	Цемент	65997-15-1	/	81	3.837	тони	R 36,37,38 / S 3, 24, 25, 26, 37,38, 39
5.	Вар	1305-78-8	/	42	938	тони	R 36,37,38 / S 3, 24, 25, 26, 37,38, 39
6.	Сив Гранулат	Не е во Анекс IV	/	10,95	23.300	тони	R43 / S 36 37
7.	Вода	Не е во Анекс IV	/	/	777	m^3/год.	/
8.	Нафта	64742-80-9	Класа 3, запаливи течности	/	135	тони	R-10 / S-1
9.	Електрична Енергија	Не е во Анекс IV	/	/	879,05	MW	/
10.	Амбалажни вреќи	Не е во Анекс IV	/	/	1.393.931	Парчиња	/

[4] Во случај каде материјалот вклучува одреден број на посебни и достапни опасни супстанции, дадете детали за секоја супстанција.
[5] Chemical Abstracts Service
[6] Закон за превоз на опасни материи (Сл. Лист на СФРЈ бр. 27/90, 45/90, Сл. Весник на Р.М. 12/93)
[7] Според Анекс 2 од додатокот на упатството

V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

Во долната табела вклучете го целиот отпад што се создава, прифаќа за повторно искористување или третира во рамките на инсталацијата (додадете дополнителни редови по потреба).

Пополнете ја следната табела (додадете дополнителни редови по потреба) - Табела V.1-1.

ОДГОВОР

Во инсталацијата ракувањето со суровините, горивата и електричната енергија се одвива според техничко-технолошките норми и барања, согласно законската регулатива и е карактеристично за секоја од наведените компоненти.

За таа цел во Инсталацијата постои опрема и механизација за утовар и истовар, складирање, дистрибуција и транспорт која редовно се одржува и контролира.

Видот и количината на отпад кој се генерира во текот на редовното работење на инсталацијата е даден во Табела V.1-1.

Табела бр. V-1: Видовите и количините на отпад кои се создадени и преземени во текот на 2023 год.

Реф. бр.	Вид на отпад/ материјал	Број од Европски каталог на отпад	Количина		Преработка одложување	Метод и локација на одлагање
			Количина по месец [тони]	Годишна количина [тони]		
1.	Отпад од хартија	15 01 01	8,075 t	96,908 t	Времено складирање на локацијата	Преземање од страна на колективен постапувач со отпад од пакување ЕУРО-ЕКОПАК ДОО Скопје
2.	Отпад од пластика	15 01 02	2,826 t	33,908 t	Времено складирање на локацијата	Преземање од страна на колективен постапувач со отпад од пакување ЕУРО-ЕКОПАК ДОО Скопје
3,	Отпад од метал	15 01 05	0,255 t	3,053 t	Времено складирање на локацијата	Преземање од страна на колективен постапувач со отпад од пакување ЕУРО-ЕКОПАК ДОО Скопје
4.	Измешан комунален отпад	20 03 01	1,22 t	12 t	Времено складирање на локацијата	Преземање од страна на ЈКП Тетово

Во **ПРИЛОГ V.2 и ПРИЛОГ V.3**, стр. 118-123 прикажани се договори и фактури од фирмите што го откупуваат и транспортираат отпадот од локација на инсталацијата.

VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

Приложете листа на сите точкасти извори на емисии во атмосферата, вклучувајќи и детали на котелот и неговите емисии.

Опишете ги сите извори на фугитивна емисија, како на пр. складирање на отворено.

Апликантот е потребно да посвети особено внимание на оние извори на емисија кои содржат супстанции наведени во Анекс 2 од додатокот на Упатството.
Пополнете ги следните табели VI.1-1 и VI.1-2 (додадете дополнителни редови по потреба)
Само за котли со моќност повеќе од 250 kW (малите котли се исклучени):

ОДГОВОР

Во котларата на инсталацијата има инсталирано еден котел на нафта К1. Котелот е приклучен на испуст (котел К1 - испуст А1). Овој котел се користи за производство на топлинска енергија за загревање на работните простории во административниот објект, во време на грејната сезона.

Исто така, во производниот процес има инсталирано млин траки, систем за отпрашување од ваги и полнилница и сушара за песок со печка на нафта. Податоците за измерените вредности на испустите од котелот на нафта, млин траките (испуст А2), системот за отпрашување од ваги и полнилница (испуст А3) и сушарата за песок со печка на нафта (испуст А4) се дадени во Табелите бр. Табелите VI.1-2, VI.1-3, VI.1-4, VI.1-5.

Овие испусти се потенцијални загадувачи на воздухот од инсталацијата.

Табелата VI.1-1 за емисија од котли е пополнета и дадена во продолжение.

Табела бр. VI.1-1: Емисии од котел К1 (испуст А1)

Капацитет на котелот Производство на пареа: Термален влез:	 **/** kg/h **/** MW/h	
Гориво за котелот Тип: **нафта** Максимален капацитет на согорување: Содржина на сулфур:	 **10-20** kg/h **/** %	
CO:	**< 1,50** mg/Nm^3 **при 0 ˚C, 3% O_2 (нафта)**	
SO_2:	**< 4,28** mg/Nm^3 **при 0 ˚C, 3% O_2 (нафта)**	
NO_x:	**159,50** mg/Nm^3 **при 0 ˚C, 3% O_2 (нафта)**	
Маскимален волумен на емисија:	**652,26 m^3/h**	
Температура:	**220,0 ˚C (min)**	**230,0 ˚C (max)**
Периоди на работа:	**5 час/ден**	**120 ден/год.**

За другите големи извори на емисии во производството се пополнуваат Табелите VI.1-2, VI.1-3, VI.1-4, VI.1-5.

Табела VI.1-2: Испуст А1 од котел К1 на нафта

Извор на емисија	Детали за емисијата				Намалување на загадувањето
Референца / бр. на оџак	Висина на оџак [m]	Супстанција/материјал	Масен проток [mg/Nm^3]	Проток на воздух [Nm^3/h]	Тип на филтер/ циклон /скрубер
Испуст од котел на нафта со инсталирана топлинска моќ помала од 1 MW	10,0 m	Кислород (O_2)	8,97 [%]	652,26	/
		Јаглерод моноксид (CO)	< 1,50		/
		Јаглерод диоксид (CO_2)	8,89 [%]		/
		Азотни оксиди (NOx)	159,50		/
		Сулфур диоксид (SO_2)	< 4,28		/
		Чаден број	1 [број]		/

Нормалните услови за температура, притисок и референтен кислород се: 0˚C, 101,3 kPa, 3% O_2

Табела VI.1-3: Испуст А2 од млин траки

Извор на емисија	Детали за емисијата				Намалување на загадувањето
Референца / бр. на оџак	Висина на оџак [m]	Супстанција/материјал	Масен проток [mg/Nm^3]	Проток на воздух [Nm^3/h]	Тип на филтер/ циклон /скрубер
Испуст млин траки	10,0 m	Цврсти честички-прашина	33,54	2.607,41	Вреќасти филтри

Нормалните услови за температура и притисок се: 0˚C, 101,3 kPa

Табела VI.1-4: Испуст А3 од систем за отпрашување од ваги и полнилница

Извор на емисија	Детали за емисијата				Намалување на загадувањето
Референца / бр. на оџак	Висина на оџак [m]	Супстанција/материјал	Масен проток [mg/Nm^3]	Проток на воздух [Nm^3/h]	Тип на филтер/ циклон /скрубер
Испуст од систем за отпрашување од ваги и полнилница	10,0 m	Цврсти честички-прашина	28,66	4.868,08	Вреќасти филтри

Нормалните услови за температура и притисок се: 0˚C, 101,3 kPa

Табела VI.1-5: Испуст А4 од сушара за песок со печка на нафта

Извор на емисија	Детали за емисијата				Намалување на загадувањето
Референца / бр. на оџак	Висина на оџак [m]	Супстанција/материјал	Масен проток [mg/Nm^3]	Проток на воздух [Nm^3/h]	Тип на филтер/ циклон /скрубер
Испуст од сушара за песок со печка на нафта	15,0 m	Кислород (O_2)	18,18 [%]	9.939,29	Вреќасти филтри
		Јаглерод моноксид (CO)	122,87		
		Јаглерод диоксид (CO_2)	2,76 [%]		
		Азотни оксиди (NOx)	9,16		
		Сулфур диоксид (SO_2)	54,77		
		Цврсти честички-прашина	42,45		

Нормалните услови за температура, притисок и референтен кислород се: 0˚C, 101,3 kPa, 3% O_2

Системот во котларата редовно се проверува и според Правилникот за користење на опрема под притисок (Сл. Весник на РМ бр. 32/2009) од страна на овластени инспекциски тела.

Во текот на месец Март 2024 година, од страна на акредитираната лабораторија за животна средина и безбедност при работа на „ТЕХНОЛАБ" ДОО Скопје, беа извршени мерења на емисиите во воздухот од овие испусти, за кои е изготвен соодветен Лабораториски извештај бр. 139/24 и истиот е даден во **ПРИЛОГ VI.3**, стр. 128-150.

- **ФУГИТИВНИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЕМИСИИ**

Емисијата на неметански испарливи органски соединенија (NMVOC), CO, CO_2, SO_2 и NOx од горивата на возилата кои се задржуваат при истовар и товар на влезните суровини и готовите производи, е релативно мала и може да се каже дека е исклучиво ограничена на работната средина во близина на инсталацијата.

Исто така, во околината на производниот процес на РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ направено е мерење на квалитетот на амбиентниот воздух, односно, мерење на концентрацијата на цврсти честички, фракција ЏЧ10 (PM10).

Локацијата на извршените мерења на концентрација на цврсти честички, фракција ЏЧ10 (PM10), точка АА1 (ММ1) е обележана на **Слика бр. VI.1-4, дадена** во ГЛАВА VI.

VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА

Барателот треба да наведе за секој извор на емисија посебно дали се емитуваат супстанции наведени во Анекс 2 од Додатокот на Упатството.

Потребно е да се дадат детали за сите супстанциии присутни во сите емисии, согласно Табелите III до VIII од Уредбата за класифицкација на водите (Сл. Весник 18-99). Треба да се вклучат сите истекувања на површински води, зедно со водите од дождови кои се испуштаат во површинските води.

Пополнете ги Табелите VII.1-1, VII.1-2 и VII.1-3.

ОДГОВОР

Од инсталацијата **НЕМА** испусти на емисии во канализација и **НЕМА** извори на емисии во површински води, реки и езера. Табелат бр. VII.1-1 што се однесува за овој вид на емисија **е дадена во продолжение и не е непополнета**.

Табелите бр. VII.1-2 и бр. VII.1-3 **се дадени во продолжение и не се пополнети**, бидејќи не се релевантни за овој вид на инсталација.

Табела бр. VII.1-1а: Емисија на отпадни води во канализација

Параметар	Пред третирање				После третирање				
Име на супстанција	Макс. Просек на час [mg/l]	Макс. Дневен просек [mg/l]	Вкупно kg/den	Вкупно kg/god	Макс. просек на час [mg/l]	Макс. Дневен просек [mg/l]	Вкупно kg/den	Вкупно kg/god	Идентитет на реципиентот [6N; 6E] [8]
Температура									
pH									
Хемиска потрошувачка на кислород, ХПК									
Биохемиска потрошувачка на кислород, $БПК_5$		**НЕМА ЕМИСИЈА НА ОТПАДНИ ВОДИ ВО КАНАЛИЗАЦИЈА**							
Суспендирани материи									
Вкупен азот, N									
Вкупен фосфор, P									
Хлориди, Cl^-									
Амониум, $N\text{-}NH_4^+$									
Хлор слободен, Cl_2									
Хлор вкупен, Cl_2									
Бакар, Cu									
Талог (таложни материи)*									

[8] Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем

Следните табели треба да се пополнат во случај на директно испуштање во реки и езера.

Табела бр. VII.1-2

Параметар	Резултати (mg/l)				Нормален аналитичк и опсег	Метода/ Техника на анализа
	Датум	Датум	Датум	Датум		
pH						
Температура						
Електрична спроводливост µS						
Амониумски азот NH_4-N						
Хемиска потрошувачка на кислород						
Биохемиска потрошувачка на кислород	**НЕМА ДИРЕКТНИ ЕМИСИИ ВО РЕКИ И ЕЗЕРА**					
Растворен кислород O_2 (p-p)						
Калциум Ca						
Кадмиум Cd						
Хром Cr						
Хлор Cl						
Бакар Cu						
Железо Fe						
Олово Pb						
Магнезиум Mg						
Манган Mn						
Жива Hg						

Табела бр. VII.1-3

Параметар	Резултати (mg/l)				Нормален аналитичк и опсег	Метода/ Техника на анализа
	Датум	Датум	Датум	Датум		
Никел Ni						
Калиум K						
Натриум Na						
Сулфат SO_4						
Цинк Zn						
Вкупна базичност (како $CaCO_3$)	**НЕМА ДИРЕКТНИ ЕМИСИИ ВО РЕКИ И ЕЗЕРА**					
Вкупен органски јаглерод TOC						
Вкупен оксидиран азот TON						
Нитрити NO_2						
Нитрати NO_3						
Фекални колиформни бактерии во раствор (/100ml)						
Вкупно бактерии во раствор (x / 100 ml)						
Фосфати PO_4						

VIII. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА

Опишете ги постапките за спречување или намалување на влезот на загадувачки материи во подземните води и на површината на почвата.

Потребно е да се приложат податоци за познато загадување на почвата и подземните води, за историско или моментално загадување на самата локација или подземно загадување.

ОДГОВОР

Од инсталацијата **НЕМА ЕМИСИЈА** на загадувачки супстанции во почвата.

IX. ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ

Во случај на отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени, во следната табела треба да се опишат природата и квалитетот на супстанцијата (земјоделски и неземјоделски отпад) што треба да се расфрла на земјиште (ефлуент, мил, пепел), како и предложените количества, периоди и начини на примена (пр. Цевно испуштање, резервоари).

Табела бр. IX.1-1

Идентитет на површината	
Вкупна површина (ha)	
Корисна површина (ha)	
Култура	
Побарувачка на Фосфор (kg P/ha)	**НЕМА ЕМИСИЈА НА ОТПАД ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА**
Количество на мил расфрлена на самата фарма (m^3/ha)	
Проценето количесто Фосфор во милта расфрлена на фармата (kg P/ha)	
Волумен што треба да се аплицира (m^3/ha)	
Аплициран фосфор (kg P/ha)	
Вк. Количество внесена мил (m^3)	

ОДГОВОР

Од Инсталацијата **НЕ СЕ ГЕНЕРИРА ОТПАД** од земјоделски активности или за земјоделски намени. Поради тоа **Табела бр. IX.1-1 НЕ Е ПОПОЛНЕТА**.

X. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

Листа на извори (вентилација, компресори, пумпи, опрема) нивна местоположба на локацијата (во согласност со локациската мапа), периоди на работа (цел ден и ноќ / само преку ден / повремено).

Пополнете ја Табелата X.1-1. За амбиентални нивоа на бучава пополнете ја Табелата X.1-2.

Наведете ги изворите на вибрации и на нејонизирачко зрачење (топлина или светлина).

ОДГОВОР

Во инсталацијата има појава на емисија на бучава. Таа е резултат на работењето на инсталацијата.

За потребите на ова барање од страна на лабораторијата за животна средина и безбеднсот при работа на „ТЕХНОЛАБ" ДОО Скопје, извршени се мерења на ниво на бучава.

Мерните места каде се вршени мерењата се прикажани на Слика бр. X.2-1 (**ПРИЛОГ X**) и истите се обележени со ознаки AN1 (MM1), AN2 (MM2), AN3 (MM3), AN4 (MM4). Резултатите од мерењата се прикажани во **Табела бр. X.1-2**.

Резултати од извршените мерења се прикажани во Табелите X.1-1 и X.1-2.

Табела X.1-1: Амбиентални нивоа на бучава

Извор на емисија Реф. / бр.	Извор / уред	Опрема Реф. / бр.	Интензитет на бучава dB на означена одалеченост	Периоди на емисија (број на часови предпладне / попладне)
AN 1 42,47 m северозападно од влезна капија и 65,97 m југозападно од административен објект	Машини во погон	Cirrus тип CR:171B	51,30	8 часа
AN 2 6,85 m југоисточно од административен објект и 7,84 m северозападно од ограда	Машини во погон	Cirrus тип CR:171B	53,94	8 часа
AN 3 44,75 m северозападно од главен производен погон и 138,57 m северозападно од влезна капија	Машини во погон	Cirrus тип CR:171B	53,44	8 часа
AN 4 17,50 m северно од главен производен погон и 26,10 m јужно од ограда	Машини во погон	Cirrus тип CR:171B	60,01	8 часа

Табела X.1-2: Мерни места за мерење на амбиентална бучава

Референтни точки:	Национален координатен систем	Нивоа на звучен притисок [dB]		
	(5N, 5E)	L $(A)_{eq}$	L $(A)_{10}$	L $(A)_{90}$
Граници на локацијата:				
Локација 1: **AN 1**	N: 42,042710° E: 21,011375°	51,30	52,65	53,27
Локација 2: **AN 2**	N: 42,043268° E: 21,012134°	53,94	51,18	54,29
Локација 3: **AN 3**	N: 42,043674° E: 21,010407°	53,44	51,91	54,21
Локација 4: **AN 4**	N: 42,044110° E: 21,011210°	60,01	58,21	60,18
Осетливи локации:				
/	/	/	/	/

Нема извори на вибрации кои влијаат на животната средина.

Во Инсталацијата нема извори на јонизирачки зрачења.

Во **ПРИЛОГ X.2**, стр. 154-164 прикажан е Лабораторискиот Извештај бр. 138/24 од извршени мерења на ниво на бучава во животна средина на РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ.

XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

Опишете го мониторингот и процесот на земање на примероци и предложете начини на мониторинг на емисии за вода, воздух и бучава.

Пополнете ја Табелата XI.1-1.


ОДГОВОР

XI.1. МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИТЕ И ТОЧКИ НА ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

XI.1.1. Мониторинг на емисии во атмосферата

Од инсталацијата евидентиран е 1 испуст од котлара (котел кај кој како гориво се користи нафта) и 3 точкасти испусти (1 од млин траки, 1 од систем отпрашување од ваги и полнилница и 1 од сушара за песок со печка на нафта) од каде се очекува емисија на отпадни гасови, загадувачки супстанции и прашина во воздухот во животната средина.

На Слика бр. XI.1.1-1 прикажани се точките на емисија во воздухот означени со A1, A2, A3 и A4.



Слика бр. XI.1.1-1: Точки на емисија во воздухот A1, A2, A3 и A4

Координатите на овие 4 (четири) мерни точки се:

A1	N: 42.043429˚ E: 21,011998˚
A2	N: 42.043880˚ E: 21,011312˚
A3	N: 42.043880˚ E: 21,011312˚
A4	N: 42.043842˚ E: 21,011268˚

Методолошки приод


Мерењата на емисии во воздухот се изведуваат согласно барањата на следниве стандарди:

- МКТС CEN/TS 15675:2009 - Квалитет на воздух - Мерење на емисии од стационарни извори - Примена на EN ISO/IEC 17025:2005 при периодични мерења,
- МКС ISO 15259:2023 - Квалитет на воздух - Мерење на емисии од стационарни извори, Барања од мерните реони и места и за целта, планот и извештајот од мерењата,
- МКС EN ISO 16911-1:2014 - Стационарни извори на емисија - Рачно и автоматско одредување на брзина и волуменски проток во канали - Дел 1: рачна референтна метода,
- МКС EN 14790:2017 - Стационарни извори на емисии - Определување на водена пареа во канали,
- МКС ISO 7935:2008 - Стационарни извори на емисии - Определување на масена концентрација на сулфур диоксид -карактеристики на изведба на автоматски мерни методи,
- МКС ISO 12039:2022 - Стационарни извори на емисија - Одредување на јаглерод моноксид, јаглерод диоксид и кислород - Карактеристики на изведба и калибрација на автоматски мрни системи,
- МКС EN 14789:2017 - Стационарни извори на емисии - Определување на волуменска концетрација на кислород (O_2) - Референтна метода - Парамагнетизам,
- МКС EN 15058: 2017 - Стационарни извори на емисии - Одредување на масена концентрација на јаглерод моноксид (CO) - Референтен метод: Недисперзивна инфрацрвена спектрометрија (NDIR),
- МКС EN 14792:2018 - Стационарни извори на емисија - Одредување на масена на азотни оксиди (NO_x) - Референтен метод: хемилуминисценција,
- МКС EN 13284-1:2018 - Стационарни извори на емисии - Одредување на ниска концентрација на прашина, Дел 1: Мануелна гравиметриска метода,
- МКС ISO 9096:2022 - Стационарни извори на емисии - Одредување на висока концентрација на прашина, Дел 1: Мануелна гравиметриска метода.


Процедурата на мерење се состои од:

- Пред испитување;
- Преглед на околината;
- Избор на мерно место;
- Дефинирање на број на мерни точки;
- Лоцирање на мерните точки;
- Подготовка на апаратурата;
- Мерење.

На Слика бр. XI.1.1-2 даден е шематски приказ на системот за мерење на гасови во канал, а на Слика бр. XI.1.1-3 даден е Шематски приказ за мерење на влага и прашина во испусти.



Слика бр. XI.1.1-2: Шематски приказ на системот за мерење на гасови во канал



Слика бр. XI.1.1-3: Шематски приказ за мерење на влага и прашина во испусти

Планираниот мониторинг на емисијата во воздух е даден во Табели бр. XI.1.1-1а и бр. XI.1.1-1б.

Табела бр. XI.1.1-1а: Референтен број на емисиона точка: А1 - Испуст од котел К1 на нафта

Параметар	Фрекфен-ција на мониторинг	Пристап до мерните места	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/ техника
Кислород (O_2)	**Два пати во текот на годината**	Пристапно во котлара	МКС EN 14789:2017	МКС EN 14789:2017
Јаглерод моноксид (CO)			МКС EN 15058:2017	МКС EN 15058:2017
Јаглерод диоксид (CO_2)			МКС ISO 12039:2022	МКС ISO 12039:2022
Азотни оксиди (NOx)			МКС EN 14792:2018	МКС EN 14792:2018
Сулфур диоксид (SO_2)			МКС ISO 7935:2008	МКС ISO 7935:2008
Чаднокатрански број			ASTM D 2156-09 (2018)	ASTM D 2156-09 (2018)

Табела бр. XI.1.1-1б: Референтен број на емисиона точка: А2 - Испуст од млин траки

Параметар	Фрекфен-ција на мониторинг	Пристап до мерните места	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/ техника
Цврсти честички-прашина	**Два пати во текот на годината**	Пристапно на покрив	МКС ISO 9096:2022	МКС ISO 9096:2022

Табела бр. XI.1.1-1в: Референтен број на емисиона точка: А3 - Испуст од систем за отпрашување од ваги и полнилница

Параметар	Фрекфен-ција на мониторинг	Пристап до мерните места	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/ техника
Цврсти честички-прашина	**Два пати во текот на годината**	Пристапно на покрив	МКС ISO 9096:2022	МКС ISO 9096:2022


Табела бр. XI.1.1-1г: Референтен број на емисиона точка: А4 - Испуст од сушара за песок со печка на нафта

Параметар	Фрекфен-ција на мониторинг	Пристап до мерните места	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/ техника
Кислород (O_2)	**Два пати во текот на годината**	Пристапно во котлара	МКС EN 14789:2017	МКС EN 14789:2017
Јаглерод моноксид (CO)			МКС EN 15058:2017	МКС EN 15058:2017
Јаглерод диоксид (CO_2)			МКС ISO 12039:2022	МКС ISO 12039:2022
Азотни оксиди (NOx)			МКС EN 14792:2017	МКС EN 14792:2017
Сулфур диоксид (SO_2)			МКС ISO 7935:2008	МКС ISO 7935:2008
Цврсти честички-прашина			МКС EN 13284-1:2018	МКС EN 13284-1:2018

XI.1.2. Мониторинг на фугитивна емисија

Во кругот на инсталацијата направено е и мерење на фугитивна емисија, односно, цврсти честички-прашина, фракција ЦЧ10 (PM10).

На Слика бр. XI.1.2-1 прикажана е точката на мерење на фугитивна емисија во воздухот означена со АА1.



Слика бр. XI.1.2-1: Точка на мерење на фугитивна емисија во воздухот АА1

Координатите на оваа мерна точка се:

АА1	N: 42.043499˚ E: 21,011203˚

Методолошки приод

Мерењата на квалитетот на амбиентниот воздух се изведуваат согласно барањата на следниве стандарди:

- МКС EN 12341:2023 – Одредување на концентрација на цврсти честички-прашина, фракција ЦЧ10 (PM10) со гравиметриска метода.

Процедурата на мерење се состои од:

- Пред испитување;
- Преглед на околината;
- Избор на мерно место;
- Дефинирање на број на мерни точки;
- Лоцирање на мерните точки;
- Подготовка на апаратурата;
- Мерење.

Планираниот мониторинг на емисијата во воздух е даден во Табела бр. XI.1.2-1.

Табела бр. XI.1.2-1: Референтен број на емисиона точка: А2 - Испуст од млин траки

Параметар	Фрекфен-ција на мониторинг	Пристап до мерните места	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/ техника
Цврсти честички-прашина, фракција ЦЧ10 (PM10)	**Два пати во текот на годината**	Пристапно во дворот од самата инсталација	МКС EN 12341:2023	МКС EN 12341:2023

XI.1.2. Мониторинг на емисии во канализација

Од инсталацијата не се евидентирани точки на емисија во градска канализација.

Табелата бр. IX.1.2-1 е дадена во продолжение и не е пополнета.

Табела бр. XI.1.2-1:

Параметар	Фрекфенција на мониторинг	Пристап до мерните места	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/ техника
Температура	**НЕМА ЕМИСИИ ВО КАНАЛИЗАЦИЈА**			
pH				
Хемиска потрошувачка на кислород, ХПК				
Биохемиска потрошувачка на кислород, БПК5				
Суспендирани материи				
Вкупен азот, N				
Вкупен фосфор, P				
Хлориди, Cl				
Амониум, $N\text{-}NH_4^+$				
Хлор слободен,Cl_2				
Хлор вкупен,Cl_2				
Бакар, Cu				
Талог (таложни материи)				

XI.2. МЕРНИ МЕСТА И МОНИТОРИНГ НА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Следење на влијанијата врз животната средина се прави преку мониторинг на нивото на бучава.

XI.2.1. Мониторинг на бучава во животната стредина

- ***Амбиентална бучава***

Четири (4) мерни места за амбиентална бучава:

- **AN1:** 42,47 m северозападно од влезна капија и 65,97 m југозападно од административен објект;
- **AN2:** 6,85 m југоисточно од административен објект и 7,84 m северозападно од ограда;
- **AN3:** 44,75 m северозападно од главен производен погон и 138,57 m северозападно од влезна капија;
- **AN4:** 17,50 m северно од главен производен погон и 26,10 m јужно од ограда.

Координатите на овие четири (4) мерни места се:

AN1	N: 42,042710° E: 21,011375°
AN2	N: 42,043268° E: 21,012134°
AN3	N: 42,043674° E: 21,010407°
AN4	N: 42,044110° E: 21,011210°

Пристапот до овие мерни места е лесен. Истите се наоѓаат во кругот на инсталацијата и се на висина на тлото (на приземје).

На Слика бр. XI.2.1-1 прикажана е положбата на мерните места на мониторинг на бучава во животната средина.



Слика бр. XI.2.1-1: Мерни места каде се извршени мерења на ниво на бучава во животна средина


Се предлага следење на нивото на бучава два пати годишно, Табела XI.2.1-1.

Табела XI.2.1-1: Мониторинг на емисии на бучава и мерења на ниво на бучава

Параметар	Фрекфенција на мониторинг	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/техника
Интензитет на бучава	Два пати годишно	МКС ISO 1996-2:2018	МКС ISO 1996-2:2018, инструмент од I класа

XI.3. МЕРНИ МЕСТА, ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

На Слика бр. XI.3.1-1 прикажани се сите точки на мониторинг на емисии и земање примероци во инсталацијата на РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ.



Слика бр. XI.3.1-1: Вкупен број на точки на мониторинг на емисии и земање примероци во инсталацијата на РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ

Координатите на точките на мониторинг и земање примероци, прикажани се дадени во Табела бр. XI.3.1-1.

Табела бр. XI.3.1-1: Координати на точки на мониторинг и земање примероци во РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ

Точка со ознака	N	E
A1 (емисија)	42,043429°	21,011998°
A2 (емисија)	42,043880°	21,011312°
A3 (емисија)	42,043880°	21,011312°
A4 (емисија)	42,043842°	21,011268°
AA1 (PM10)	42,043499°	21,011203°
AN1 (бучава)	42,042710°	21,011375°
AN2 (бучава)	42,043268°	21,012134°
AN3 (бучава)	42,043674°	21,010407°
AN4 (бучава)	42,044110°	21,011210°

XII. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Операторите кои поднесуваат барање за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола приложуваат Програма за подобрување.

ОДГОВОР

XII.1. Вовед

Инсталацијата сите свои активности ги реализира во насока на постојано подобрување на технолошкиот процес преку усовршување на опремата со која што работи, како и со постојано водење на грижа за животната средина.

Определбата на раководсвото на инсталацијата за целосно и навремено исполнување на законските обврски од областа на заштита на животната средина и безбедноста и здравје при работа, меѓу другото, е насочена кон реализација на основните принципи на Политиката за управување со квалитет и Политиката за управување со животна средина.

Според Политиката на РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ обврска на сите вработени е да го користат системот за управување со животна средина како оперативен инструмент за организирање на дневните активности со цел да се задоволат потребите на потрошувачите, преку нивно снабдување со производи и услуги кои секогаш ќе бидат во согласност со нивните барања и поставените рокови.

Согласно Политиката инсталацијата ќе продолжи да работи секогаш стремејќи се да го спречи секој вид на несреќи и повреди преку активно учество на секој вработен и периодична проверка на нивните познавања и спремност во делот на безбедноста и опкружувањето, со цел да се дефинираат планови чија имплементација ќе ги подобри споменатите перформанси.

Со цел потполно усовршување, поголемо искористување на постоечките капацитети, притоа одржувајќи го постојано квалитетот на своите услуги на највисоко ниво и водејќи грижа за животната средина, фирмата издвојува и дел од својот буџет за вложување во безбедност и здравје на вработените и заштита на животната средина.

Инсталацијата секогаш се стреми кон најновите достигнувања на полето на заштита на животната средина преку:

- намалување на потрошувачката на суровини и енергија;
- навремен мониторинг на емисиите во воздух;
- навремен мониторинг на емисиите во канализација;
- навремен мониторинг на нивото на бучава;
- намалување на емисиите на штетни материи во животната средина со правилно складирање, третман и обработка на отпадните материи.

XII.2. Програма за подобрување

Инсталацијата користи техники кои се блиски до најдобрите можни техники за производство на пареа и топла вода, но сепак постои можност тој систем да се подобри. Целта кон која што се стреми Операторот е преку соодветно производство да се постигне соодветен стандард и квалитет на услугата која ја дава, но притоа да не дојде до нарушување на состојбата со животната средина.

Имајќи во предвид дека работењето на инсталацијата се извршува со опрема која соодветствува со домашните и европските прописи и регулативи кои се однесуваат на заштитата на животната средина, создадената бучава е во рамките на дозволените нивоа на бучава, преземањето на целокупниот создаден отпад се врши од страна на овластени фирми - преземачи на отпад, ефикасно искористување на енергијата и низа други активности кои се преземени со цел заштита на животната средина. Програмата за подобрување која ја предлага Операторот претставува програма на дефинирани организациони активности кои ги опфаќаат аспектите прикажани во следната табела.

Табела XII.2-1: Предвидени активности согласно Програмата за подобрување

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	
			Почеток на активност / год.	Крај на активност / год.
1.	Прецизно планирање на производството од аспект на ефикасно искористување на суровините и репроматеријалите.	Максимално можно намалување на создадениот отпад од производство.	Континуирано	Континуирано
2.	Редовна контрола на исправноста на машините и производната опрема.	Спречување дефекти на машините и производната опрема, а со тоа спречување на појава на шкарт производи, што, покрај негативните финансиски импликации врз инсталацијата ќе предизвика зголемено создавање на отпад.	Континуирано	Континуирано
3.	Редовни превентивни прегледи на машините, опремата и на инсталациите (електрична, громобранска, гасна, вододна итн.).	Спречување на хаварии.	Континуирано	Континуирано
4.	Управување со отпадот	Селекција и одлагање на одредено место и навремено подигање од страна на овластените преземачи на отпад.	Континуирано	Континуирано
5.	Редовен мониторинг за медиумите како воздух, мерење на ниво на бучава од страна на акредитирана лабораторија.	Заштита на животната средина.	Континуирано	Континуирано
6.	Зазеленување на просторот во границите на локацијата (околу производниот погон).	Заштита на животната средина и намалување на загадувањето.	Јануари 2024 год.	Мај 2024 год.
7.	Водење на евиденција за создадениот отпад и изготвување на годишни извештаи.	Максимално можно намалување на создадениот отпад од производство.	Континуирано	Континуирано
8.	Информирање и едукација на сите вработени.	Целта на оваа активност е подигање на свеста и степенот на информираност за правилно и прописно постапување со отпадот.	Континуирано	Континуирано
9.	Контрола на квалитетот на влезните суровини и на работењето.	Целта на оваа активност е намалување на количествата на создаден отпад.	Континуирано	Континуирано

Со реализација на Програмата за подобрување и спроведување на соодветен мониторинг ќе се добијат податоци кои можат да послужат за документирање на статусот на медиумите и областите на животната средина и доколку е потребно да се преземат сооветни мерки.

Исто така, Прогрмата овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

Основните цели на Програмате се:

- Да се потврди дека договорените услови се соодветно спроведени;
- Да се потврди дека емисиите се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Да се овозможи управување со непредвидените влијанија или промени;
- Да се потврди дека со примена на соодветни мерки се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина.

Операторот главно ги има остварено потребните техничките подобрувања за работа на инсталацијата и заштита на животната средина и нема значително влијание врз загадувањето на животната средина.

XIII. СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

Опиши ги постоечките или предложените мерки, вклучувајќи ги процедурите за итни случаи, со цел намалување на влијанието врз животната средина од емисиите настанати при несреќи или истекување.

Исто така наведете ги превземените мерки за одговор во итни случаи надвор од нормалното работно време, т.е. ноќно време, викенди и празници.

Опишете ги постапките во случај на услови различни од вообичаените вклучувајќи пуштање на опремата во работа, истекувања, дефекти или краткотрајни прекини.

ОДГОВОР

XIII.1. Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи

Со Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи се утврдува проценувањето на опасностите кои можат да бидат предизвикани од природни непогоди и други несреќи во било кое време и било кои услови на просторите во РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ.

Потенцијални опасности и преземени мерки за заштита

Во процесот на производство на градежни материјали, големо внимание се посветува на безбедноста во извршувањето на работните задачи. Од ислкучително големо значење на Друштвото е процесот на производство во сите негови фази да се извршува сигурно, безбедно и без негативни влијанија кон вработените и животната средина. За таа цел, за сите потенцијални извори и опасности преземени се високо развиени теничко - технолошки заштитни мерки, кои континуирано се надградуваат и усовршуваат.

Во текот на процесот на производство на градежни материјали, лоцирани се потенцијалните опасности кои можат да предизвикаат загрозување на безбедноста како на вработените, така и на материјалните добра во Компанијата и на животната средина.

Електрична инсталација

Електричната инсталација е еден од главните потенцијални можни предизвикувачи на техничко - технолошки хаварии, поради што на сите простори во инсталацијата се посветува посебно внимание. Како главни причини за настанување на дефекти и хаварии предизвикани од електричната енергија се: несоодветно поставување на ел. инсталација, дотраеност на електричната инсталација, лошо тековно нејзино одржување, нестручно нејзино одржување и слично.

Кај просторите на РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ се поставени инсталации за јака струја.

Во сите простории во РЕНОВА ДОО ЏЕПЧИШТЕ изведени се следните осветлувања: основно, нужно и панично осветлување.

Основното осветлување е извршено зависно од намената на просторијата извршен е избор на типот на светилката, местот на поставување како и интензитетот на осветлувањето. Во работните простории истото е усогласено според важечките прописи, а земени се предвид и ергономските потреби на вработените.

XIII.2. План за заштита и спасување

Планот за заштита и спасување претставува документиран начин на претставување на сите активности кои се однесуваат на преземање на мерките со цел превентивно делување и справување со природните и другите непогоди, како и последиците предизвикани од нив.

Планот за заштита и спасување од природни и други непогоди ги содржи следните документи за:
- подготвеност на силите за заштита и спасување;
